*Стратешки план за локален економски развој на општина Илинден*

*2017–2021*

**Општина Илинден**
**www.ilinden.gov.mk**
**Т: +389.2.2571.703**

# Содржина

*ВОВЕД* ........ *2*
Вовед од градоначалникот Стојановски ........ 2
За значењето на процесот за стратешко планирање за ЛЕР на општина Илинден ........ 3
Методологија ........ 4
Постигнати клучни индикатори за успех (КПИ) на општина Илинден до 2016 година ........ 5
Клучни индикатори за ЛЕР ........ 5
Индикатори за локална економија ........ 5
Индикатори за општинскиот буџет ........ 6
Индикатори за општинската администрација ........ 6
Индикатори за урбанизацијата ........ 6
Индикатори за комуналната инфраструктура ........ 7
Индикатори за патната инфраструктура и безбедноста во сообраќајот ........ 7
Индикатори за образованието и социјалните установи ........ 7
Индикатори за здравствената заштита ........ 7
Индикатори за културата ........ 7
Индикатори за јавно-приватен дијалог ........ 7
Индикатори за подобрување на пристапот до банки ........ 7
Индикатори за домување ........ **Error! Bookmark not defined.**
Фази во процесот на стратешко планирање ........ 8
СВОТ-анализа на општина Илинден ........ 11
Создавање на стратегијата ........ 12
Стратешки области за периодот 2017–2021 ........ 14
*ОПИС НА СТРАТЕШКИТЕ ОБЛАСТИ, КОНКРЕТНИТЕ ЦЕЛИ И ПРОЕКТИ ЗА ПЕРИОДОТ 2017–2021* ........ *16*
Област 1: ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ........ 16
Област 2: Образование и наука ........ 18
Област 3: КУЛТУРА, СПОРТ И МЛАДИ ........ 19
Област 4: Урбанизам, комунална инфраструктура и животна средина ........ 20
Област 5: СОЦИЈАЛНА, ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И БЕЗБЕДНОСТ ........ 22
Област 6: ТРАНСПОРТНА ИНФРАСТРУКТУРА ........ 23
Препораки за имплементација на стратегијата ........ 24
Систем за мониторинг и евалуација за Стратешкиот план ........ 25
Препораки за ревизија на стратегијата ........ 26
*АНЕКС 1: Акционен план 2017–2021* ........ *27*
*АНЕКС 2. Законска рамка за подготовка на стратегија за ЛЕР* ........ *38*
*АНЕКС 3. Користени кратенки* ........ *38*

# ВОВЕД

## Вовед од градоначалникот Стојановски

## За значењето на процесот за стратешко планирање за ЛЕР на општина Илинден

Општина Илинден со динамичното темпо на развој во изминатите децении ги постигнува највисоките стандарди во привлекувањето домашни и странски инвестиции, урбанизацијата и социјалната сфера, достојни за современ живот на своите граѓани, притоа несебично вложувајќи во човечкиот потенцијал. Компаративната предност на општината дадена првенствено со геостратешката позиција на крстосницата на паневропските коридори XI и VIII, националниот аеродром, транспортната поврзаност, близината на метрополата Скопје, како и слободните индустриски зони е главниот катализатор на економскиот развој на општината.

Иако бележи високи достигнувања во привлекувањето нови и во зачувување на постојните бизниси, маркетингот, управувањето со недвижен имот, креирањето на локалната даночна политика во смисла на даночни олеснувања за формирање или проширување на бизнисот, образование и обука, развој на малите претпријатија, одржување на општинската инфраструктура, или генерално речено, во локалниот економски развој, општина Илинден претставува сè она што општината може да го направи за подобрување на економијата и на социјалната благосостојба на нејзините граѓани.

Локалниот економски развој во општина Илинден по дефиниција е подобрување на конкурентоста на економскиот сектор во рамките на дефинирани локални економски услови. Визијата на општината е да изгради економски капацитет на локално ниво за уште повеќе да се подобри економската иднина и животниот стандард на сите жители. Тоа е процес преку којшто јавноста, стопанските дејности и невладиниот сектор работат заедно, како партнерство, за да создадат подобри услови за економски развој и за нови вработувања.

Темелејќи го својот успех на способноста да се приспособи на динамичната локална, национална и меѓународна пазарна економија, општина Илинден го користи стратешкото планирање на ЛЕР за да го зајакне капацитетот на локалната економија, да ја подобри инвестициската клима, продуктивноста и конкурентоста на локалните бизниси, претприемачите и работниците. Локалниот економски развој (ЛЕР) им нуди можност на локалната самоуправа, на приватниот и на непрофитните сектори, како и на локалните заедници, да работат заедно за подобрување на локалната економија. ЛЕР се фокусира на зголемувањето на конкурентноста и на одржливиот развој. Способноста на општина Илинден да го подобри квалитетот на животот, да создаде нови економски можности и да се бори против сиромаштијата, зависи од степенот на спроведување на ЛЕР и од стратешкото дејствување во променливото и висококонкурентно пазарно општество.

Фактори и клучни индикатори за успех (КПИ) во процесот на локалниот економски развој на коишто општина Илинден ја гради својата долгогодишна стратегија:

- Разбирање на предностите и слабостите на локалната економија и на нејзините компаративни предности, или СВОТ-анализа;

- Формулирање на заедничка визија и мисија со сите чинители на економскиот развој;
- Раководството кое ги зближува луѓето, науката и финансиските средства на сите нивоа во администрацијата, јавните, приватните и општествените сектори, за да можат да се реализираат заедничките задачи;
- Формирање институционална рамка (Економиски форум на општина Илинден) во којашто ќе се обезбеди одржливост на комуникацијата на сите чинители и соработка на сите чинители;
- Акциони планови коишто се одговор на дефинираните локални активности;
- Изградената мека инфраструктура и соработка меѓу бизнис секторот и вработените во општинската администрација, како и соработката со видни надворешни консултанти, меѓународни искуства и добронамерници;
- Синергијата со природното животно опкружување како основна определба и заложба дека е необновлив ресурс и мора рационално и стратешки да се користи и да се развива;
- Обезбедување помош и услуги од други институции, каде што локалната самоуправа не може сама да ги исполни потребите на општината.

## Методологија

Во применетата методологија за стратешко планирање на ЛЕР во општина Илинден се тргнува од неколкуте водечки принципи на Светската банка и на ОБСЕ, за ***интегрираност, партиципативност, инклузивност, јавно-приватен дијалог, базираност на анализа на докази, доследност, следење на принципите на ЕУ и транспарентност.***

Овој развоен план е изработен првенствено на ***принципите на партиципативност, инклузивност, јавно-приватен дијалог.*** Повеќемесечниот процес на редовни консултации со сите чинители, повеќе средби со граѓаните, заложби на администрацијата, претставници на бизнис заедницата и инвеститорите во општината, како и соработка со надворешни консултанти и меѓународни организации и соработници, беа дел од преземените активности. Целосната и редовна вклученост на граѓаните во активностите на општината, а особено при носењето на стратешките одлуки и определби, преку редовни организирани средби и секојдневна отвореност и комуникација, претставува инвестиција во одржливоста на донесените одлуки коишто нема да зависат само од индивидуалната желба на поединци, туку се во интерес на целата заедница.

Досегашната практика укажува на отпочнување на процесот со формулирање на стратегијата. Стратегијата е почетна компонента на процесот на планирање на која било заедница и таа е комплетна тогаш кога потекнува од заедницата и опфаќа поширок дел од неа. Временскиот хоризонт за стратегијата вообичаено е пет години со придружни краткорочни, среднорочни и долгорочни производи. ***Принципите на доследност и транспарентност*** во текот на целиот процес, општината ги докажува преку систематичното следење и ангажирање на сопствените ресурси во текот на сите фази од процесот и навремено и транспарентно известување за сработеното – преку давање годишни отчети кон сите граѓани.

Во поглед на прибирањето информации и анализа на опкружувањето и факторите, општината Илинден веќе трет циклус по ред ги применува методите на научно истражување ***засновани на докази***, оцени на нивото на спроведување на претходните стратешки планови, како и партиципативниот процес во изработка на СВОТ-анализата. ***Европските принципи*** во стратешкото планирање се водечки во целиот процес.

Стратешкиот процес во општина Илинден вклучува области коишто директно и индиректно се поврзани со ЛЕР. ***Принципот на интегративност*** во себе обединува области од ЛЕР, МСП, урбанизам и инфраструктура, спорт, култура, образование, туризам, социјална и здравствена заштита.

## Постигнати клучни индикатори за успех (КПИ) на општина Илинден до 2016 година

### Клучни индикатори за ЛЕР

- √ Нови производствени погони, кои во континуитет креираат нови, реални, слободни работни места.
- √ Од 2008 до денес, во општина Илинден се реализирани 180 инвестиции, од кои 33 директни странски инвестиции
- √ Пад на невработеноста за цели 32% (во 2008 беше 38%, до 2016 е само 6%).

### Индикатори за локалната економија

- √ Нови инвестиции на македонската Гранд Фудс корпорејшн, втора инвестиција на холандската компанија Ван Хол, втора на Витило, турската компанија Атајмач, Хај Тек АСЕМБЛИ Центар, Дени Интернационал – проширување, германската компанија ГРАД Екологија, Велмар, ЈЦС Бард Логистик, австриската Текспорт, Елмед, американската компанија КАП-КОН, македонската Сара Колант, Мултиштед и др.

- √ Пад на невработеноста на само 6%



## Индикатори за општинскиот буџет

- Во последната година од претходниот Стратешки план 2012–2016, општина Илинден успеа да го наполни буџетот со 69% приходи од сопствени извори, додека само 31% од дотациите и трансферите од Буџетот на РМ (и буџетите на фондовите). Овој процент има тренд на нагорна линија (во 2015, сопствените приходи беа 67%). Растечкиот тренд на буџетот е особено забележителен во последните 10 години, кога тој од 63,2 мил. ден. во 2006 се зголемува за повеќе од 6 пати, на 389,8 мил. ден. во 2016.
- Во делот на **приходната** страна, најголем дел од буџетот се полни со приходи од управување со градежното земјиште, 29% во 2016, додека во 2015 беше само 13% од буџетот.
- Во делот на **расходната** страна, во континуитет, најголем процент од вкупните расходи отпаѓаат на капиталните инвестиции (60% во 2016, или 216,4 мил. ден.) кои исто така имаат растечки тренд со годините (во 2015 се 55%, или 145,9 мил. ден.).

## Индикатори за општинската администрација

- Подобрување на условите за работа на Советот и на општинската администрација, со изградбата на конференциската сала во Домот на културата ИЛИНДЕН (кабина за симултан превод, аудио и видео опрема и капацитет од 50 луѓе.
- Општинската администрација брои 36 вработени од 7 одделенија.
- Уштте еднаш во 2017 година, општина Илинден го продолжи континуитетот на спроведување на стандардот ISO 9001:2008 (којштo постои од 2010).

## Индикатори за урбанизацијата

- Извршена урбанизација на сите 12 населени места во општина Илинден.
- Дури 22% од вкупната површина на општина Илинден е опфатена со урбанистички планови. Од нив, 1.500 ха се за индустриски зони и тие се фантастични 95 % пополнети со инвестиции.
- Дури 80% од пристигнатите барања до крајот на 2016 се легализирани.
- Бројот на одобренијата за градба расте во континуитет, и од 2006 до 2016 изнесува 1.244



**Индикатори за комунална инфраструктура**

- √ Поставување на мали и пречистителни станици за прифаќање и третман на отпадните води, што до 2016 ги прави вкупно 4 пречистителни станици во 3 населени места, или покриеност од 1/3 од вкупното население во општината;
- √ Набавка на нови комунални возила;
- √ Чистење на одводни канали – годишно од околу 60 км.

**Индикатори за патна инфраструктура и безбедност во сообраќајот**

- √ Реконструирани се 22 км патишта само во 2016, а вкупно 47,3км во последните 4 год.;
- √ Изградени 12 нови мостови (6 пешачки и 6 сообраќајни);
- √ Направени пешачки и велосипедски патеки.

**Индикатори за образование и социјални установи**

- √ Зголемување на капацитетот на градинката од 80 на 400 деца;
- √ Реконструкција на 4 основни и на средното училиште и поставување ЕЕ опрема;
- √ Практична настава за учениците од средното училиште, во бизнис компаниите во индустриските зони;
- √ Изградба на два нови дома за стари лица во населбите Кадино и Илинден;
- √ Отворени 5 пензионерски клубови.

**Индикатори за здравствена заштита**

- √ Прва општина што реализира проекти коишто не се нејзина законска обврска – отворање амбуланта во Миладиновци за 4.500 жители.

**Индикатори за култура**

- √ Нови домови на културата во Марино и во Миладиновци. Со тоа, сите 12 населени места во општина Илинден добија нови или реконструирани домови на културата со ви-фи мрежи и ЕЕ опрема;
- √ Културни настани.

**Индикатори за јавно-приватен дијалог**

- √ Преку Форумот за ЛЕР, кој постои 11 години, и 180 фирми-учеснички;
- √ Нова Стратегија за ЛЕР 2017–2021 со поддршка на ОБСЕ;
- √ Јавни собири и средби;
- √ Буџетски форуми.

**Индикатори за подобрување на пристапот до банки**

- √ Стопанска банка,
- √ Халк банка,
- √ НЛБ Тутунска банка,
- √ Комерцијална банка.

## Фази во процесот на стратешкото планирање

Во континуитет, општина Илинден ги следи петте фази од процесот на стратешко планирање, според методологијата предложена од Светската банка. Фазите во себе вклучуваат отпочнување на процесот, планирање, спроведување, ревидирање и евалуација.

| Фази во процесот на стратешко планирање |
|---|
| 1. Започнување на активностите, создавање работен тим, економски форум и партнерски мрежи.<br>2. Изработка на анализа на општинските ресурси, или компетитивна процена.<br>3. Создавање на стратешкиот план.<br>4. Спроведување на стратешкиот план.<br>5. Ревизија и конечна оцена на стратешкиот план. |

### *Чекор 1. Започнување на активностите, создавање работен тим, економски форум и партнерски мрежи*

Локалниот економски развој зависи од успехот на заедничките акции на јавниот (владиниот), приватниот (бизнис) и невладиниот (НВО, синдикати, граѓански, религиозни) сектор. Општината го поттикнува и го започнува процесот на стратешко планирање со утврдување на луѓето, јавните институции, стопанските дејности и индустриските гранки, граѓанските организации, приватни и професионални организации, експертски тела и институции за обука, како и други групи со заеднички интерес за локалната економија.

Општината Илинден ги следеше препораките и упатствата на дадените методологии за организирање на самиот процес и со цел да ја зголеми транспарентноста на своето работење, како и да ги вклучи граѓаните во процесот на планирање и донесување одлуки, го формираше Економскиот форум. Во состав на Економскиот форум влегоа претставници на бизнис секторот (производство, прехрана, како и услужни дејности – образование, трговија, угостителство, превоз и др.), потоа претставници од јавниот сектор (општината, комуналните претпријатија, образовни институции, спорт, здравство) и претставници од НВО-секторот, месните заедници и др. Членовите на ова тело имаа повеќекратна функција во самиот процес, и тоа да ја направат анализата на општинските ресурси, да ги посочат проблемите во секторите/ организациите од каде што доаѓаат, да предложат можни мерки за решавање на утврдените проблеми и да ја

одредат приоритетноста на овие стратешки цели според зададени критериуми (важност, остварливост, последници од неделувањето, поврзаност со другите цели).

Целата организација и подготвителната работа на самиот процес беше задача на тимот за стратешко планирање, во рамките на оделението за ЛЕР при општината Илинден.

### *Чекор 2. Изработка на анализа на општинските ресурси, или компетитивна процена*

Од голема важност за одредување на стратегијата е познавањето на контекстот на локалното стопанство. Компетитивната процена ќе го користи расположливото квантитативно и квалитативно знаење од економијата, вештините и другите ресурси, со цел да се помогне утврдувањето на стратешкиот правец за развој. Оваа информација, исто така, ќе ги насочи проектите и програмите (активностите) во правец којшто ќе придонесе за зголемување на конкурентноста на локалните подрачја. СВОТ-анализата (јаките и слабите страни, можностите и опасностите) е инструмент што може да се користи за анализирање на податоците, со цел изработка на компетитивна анализа.

Анализата на општинските ресурси направена на партиципативен принцип е дадена во СВОТ-анализата. Правејќи ја анализата со употреба на СВОТ-рамката, ги фокусиравме активностите во стратешки области каде што општината има јаки страни и каде што се наоѓаат најголемите потенцијали.

### *Чекор 3. Создавање на стратешкиот план*

Како и во интегрираните стратешки планови, намерата е да се оствари целосен пристап за локален и одржлив развој. Лидерството на локалната власт и главните заинтересирани страни треба да го избалансираат економскиот развој со заштита на животната средина и социјалните потреби. Стратегијата за економски развој има одреден број компоненти кои се наброени подолу.

| ЕЛЕМЕНТИ НА СТРАТЕГИЈАТА | |
|---|---|
| ***Елемент:*** | ***Опис:*** |
| ***Визија*** | *Го опишува консензусот на заинтересираните страни за посакуваната иднина на општината.* |
| ***Мисија*** | *Покажува на кој начин, со кои средства и расположливи ресурси ќе ја постигнеме визијата.* |

| | |
|---|---|
| ***Стратешки области*** | *Тоа се поконкретни области во коишто општината определила дека сака да дејствува за да ја оствари својата визија;*<br><br>*Базирани на визијата и на оцената за компетитивност.* |
| ***Крајни цели*** | *Крајните цели се уште поконкретни, временски ограничени и мерливи (СМАРТ) од стратешките области;*<br>*Воспоставуваат стандарди за спроведување и целни активности за развој; Нивната намера е:*<br>• *да ги искористат јаките страни,*<br>• *да ги совладаат слабостите,*<br>• *да ги искористат можностите,*<br>• *да соработуваат на претпоставените и воочени опасности во времето во коешто се спроведува ЛЕР.* |
| ***Конкретни активности*** | *Конкретните активности ги вклучуваат специфичните компоненти на програмите. Задолжителни елементи се:*<br>*- доделени одговорни субјекти,*<br>*- да се претпостават трошоците – буџети,*<br>*- временски ограничени и мерливи.* |

### *Чекор 4: Спроведување на стратешкиот план*

Спроведувањето на стратешкиот план е поттикнато со акционите планови, односно активностите за одбраните проекти коишто имаат поголем консензус на заинтересираните страни, а што всушност е двигател за процесот на спроведување. Акционите планови ја одредуваат хиерархијата на задачата, одговорните субјекти, реалниот временски распоред, можните ресурси, очекуваните влијанија и резултати, мерките за остварување и системот за прогрес, контрола и оценување. Зголемувањето на капацитетите може да биде важен елемент за јакнење на способноста на поединците и на лицата заради развој и крајна цел – остварување на резултатите.

Развојот на техники за добро следење и за евалуација на целокупната стратегија е важен момент заради мерењето на резултатите, оправдување на трошоците, одредување и внесување на потребните корекции во целиот систем, како и усогласувања и развој на добрите практики.

### *Чекор 5: Ревизија и конечна оцена на стратешкиот план*

Преглед на стратешкиот план за локален економски развој треба да се прави најмалку еднаш на две години. Ова би требало да вклучува преглед на користењето на ресурсите, временската рамка, следење на индикаторите за евалуација на локалната економија и на ресурсите што се на располагање за стратешките настојувања. Оваа постапка треба да ги опфати не само резултатите, туку и процесот на спроведувањето, нивото на партиципација, динамиката на менувањето на локалните услови и динамиката на менувањето на економските (и политичките) односи на локално ниво, во рамките на регионот или во рамките на државните и меѓународните пазари. Препорачливо е општината да направи финална, односно конечна оцена на стратешкиот

план. Ова е веќе практика во претходните стратешки планови на општина Илинден. Дополнителна препорака е конечната оцена да ја направат независни и надворешни експерти, со што би се избегнале субјективноста и пристрасноста во оценувањето.

## СВОТ-анализа на општина Илинден

СВОТ-анализата на општина Илинден покажа дека Економскиот форум вложи многу време и напор за да добие над 44 мислења за јаките, слабите страни, за можностите на локалната економија и заканите за локалната економија, како и, воопшто, за квалитетот на животот во општината. Сумарно, во табелата подолу се дадени сублимати од сите мислења добиени од деталната СВОТ-анализа.

| *Јаки страни* | *Можности* |
|---|---|
| • **Поволна геостратешка положба на општината (автопати, пан-европските коридори 8 и 10 и најголемиот национален аеродром);**<br>• **Поволна сообраќајна инфраструктура и поврзаност за бизнис секторот;**<br>• **Близината до главниот град како пазар;**<br>• **Поволна локална бизнис клима и ниски општински даноци и такси;**<br>• **Практика на промоција на позитивни примери;**<br>• **Постоење на просперитетен, квалитетен, млад стручен кадар во општината;**<br>• **Квалитетни институции за основно образование;**<br>• **Стабилност на нивото на наплата на локалните даноци и такси;**<br>• **Транспарентност, отчетност и коректен однос кон граѓаните од страна на општинските власти;**<br>• **Квалитетна и обучена општинска администрација;**<br>• **Отвореност кон нови идеи на општинските власти, администрацијата и бизнис секторот;**<br>• **Високо ниво на партиципација на граѓаните во носењето на одлуките;**<br>• **Социјален, културен развој и развој на спортот;**<br>• **Воспоставени партнерства и соработка со општини од регионот.** | • **Зајакнување на конкурентноста;**<br>• **Гасификација на општината;**<br>• **Обновување на статистичките податоци за општината;**<br>• **Отворање на научно-истражувачки центри и центри за анализа;**<br>• **Поттикнување на иновативноста;**<br>• **Основање на институција за практична настава;**<br>• **Креирање на Фонд за таленти;**<br>• **Ко-финансирање на проекти;**<br>• **Прибирање донации за финансирање на клучни проекти;**<br>• **Креирање на јавно-приватни патнерства;**<br>• **Подобрување на енергетската ефикасност на училишните згради (фасада, покрив);**<br>• **Поттикнување на развој на туризам.** |
| *Слаби страни* | *Закани* |
| ▪ **Нецелосна покриеност со фекална и атмосферска канализација;**<br>▪ **Загаден воздух;**<br>▪ **Отсуство на институции за целодневен престој на деца од училишна возраст;**<br>▪ **Непостоење на градинка за деца од 9 до 24 месеци;**<br>▪ **Недостаток од установа за целосна здравствена заштита.**<br>▪ **Нема фудбалски клуб во прва и во втора лига;** | • ***Несоодветна законска легислатива;***<br>• ***Неквалитетен процес на децентрализација;***<br>• ***Немање општинска надлежност во здравството и во социјалната заштта;***<br>• ***Временски/природни елементарни непогоди;***<br>• ***Недостаток на финансиски средства.*** |

- **Недоволна спортска инфраструктура во Кадино и во Миладиновци;**
- **Немање сообраќајна култура;**
- **Отсуство на културна и уметничка програма во дисперзираните населби;**
- **Дефицит на НВО;**
- **Непостоење на научни истражувања во општината;**
- **Непостоење на шинтерска служба.**

## Создавање на стратегијата

Како следни елементи на стратегијата, Економскиот форум на општина Илинден ги предложи мотото, визијата и мисијата на општината.

Мото

Да ги искористиме силните страни на општина Илинден!

Економскиот форум ја формулираше следната визија:

# Визија




***Општина Илинден во 2021 е препознатлива, потврдена, економски силна, урбана општина со современи услови за живеење и стопанисување, каде што образованието, знаењето и ИКТ се императив за растечкиот стандард на човечкиот капитал.***

Мисија

***Општина Илинден е јавен сервис на граѓаните, кој преку осовременувањето на инфраструктурата, промоција на еколошките и зелени технологии, ги исполнува европските стандарди за деловната клима и го стимулира социо-економскиот развој во општината.***

***Вредноста на пријателските односи со деловните партнери и со соработниците, како и работењето со граѓаните и понатаму ќе биде во духот на добрите парнерства, институционалните и деловните мрежи, за да го осигуриме квалитетот на општинските услуги.***

***Зајакнувањето на локалната демократија, граѓанското учество, развојот на човечкиот капитал и одржливиот приход на граѓаните на општината се приоритети во општинското работење.***

***Затоа, се вложуваат сите напори за транспарентност, отчетност, финансиска стабилност и ефективност во извршувањето на општинските услуги.***

## Стратешки области за периодот 2017–2021

Според спроведените анализи од страна на Економскиот форум на општина Илинден, наведените стратешки области претставуваат и главни столбови – носители на локалната економија во општината Илинден. Во исто време, Економскиот форум ги издвои приоритетните активности/ проекти коишто во секој од шесте стратешки столбови го носат развојот.




### 1. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

- **Креирање на инфраструктура (физичка и социјална) за поттик и развој на локалниот економски развој;**
- **Континуирано активно поддржување на јавно-приватниот дијалог;**
- **Промоција и меѓународна сертификација на општината.**

### 2. ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

- **Креирање инфраструктура за квалитетно образование;**
- **Создавање услови и поддршка на воннаставно образование и рехабилитација на учениците.**

### 3. КУЛТУРА, СПОРТ И МЛАДИ

- **Изградба на спортска и рекреативна инфраструктура;**
- **Поддршка на спортските активности;**

- **Поддршка и иницијативи за културни и традиционални манифестации**

## *4. УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА и ЖИВОТНА СРЕДИНА*

- **Подобрување на урбанизацијата и на урбанистичкото планирање**
- **Заштита на животната средина преку управување со цврстиот отпад и со отпадните води;**
- **Подобрување и хортикултурно уредување на јавните површини.**

## *5. СОЦИЈАЛНА, ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И БЕЗБЕДНОСТ*

- **Обезбедување здравствена заштита и клиничко лекување;**
- **Целосна грижа за предучилишната популација;**
- **Подобрување на безбедноста на граѓаните.**

## *6. ТРАНСПОРТНА ИНФРАСТРУКТУРА*

- **Подобрување на патната и на железничката инфраструктура во целата општина;**
- **Обезбедување модерен јавен превоз;**
- **Зголемување на безбедноста во сообраќајот за сите учесници.**




## *ОПИС НА СТРАТЕШКИТЕ ОБЛАСТИ, КОНКРЕТНИТЕ ЦЕЛИ И ПРОЕКТИ ЗА ПЕРИОДОТ 2017–2021*

## Област 1: ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Конкретни цели во областа на локалниот економски развој се:

1. **Креирање инфраструктура (физичка и социјална) за поттик и развој на локалниот економски развој.**
2. **Континуирано активно поддржување на јавно-приватниот дијалог.**
3. **Промоција и меѓународна сертификација на општината.**

За остварување на овие конкретни цели, издвоени се следните проекти:

- ***Создавање транспортна, комунална, енергетска и гасификациска инфраструктура во стопанските комплекси и во локалните економски зони;***
- ***Обезбедување обуки за невработените лица во локалните индустриски капацитети;***
- ***Поддршка на работата на Форумот за локален економски развој;***
- ***Спроведување на меѓународни стандарди и сертификати;***
- ***Инвестициска промоција на општината пред домашни и пред меѓународни институции.***

Локалниот економски развој значи потреба од директна работа за економско зајакнување на локалните области, за да се подобри квалитетот на животот на граѓаните. Успехот на општествата денес зависи од способноста на локалните средини да се приспособуваат на брзите промени во светот и од способноста да ја зајакнат сопствената конкурентност. За подобрување на конкурентноста, главниот импулс за економски раст мора да произлезе од приватниот сектор, затоа што само тој може да создаде економска благосостојба и нови работни места на долг рок.

Привлекување домашни и странски инвестиции преку подготовка и креирање на соодветни инфраструктурни услови во општината (индустриски зони, дефинирани економски зони на ниво на општини и сл.) и преку инвестирање во човечки ресурси кои ќе располагаат со соодветни знаења и вештини, приспособени според потребите на пазарот и трендот на развој на стопанството во регионот, сè со цел искористување на капацитетот, конкурентен настап на пазарот и профитабилно работење. Зголемување на нивото на економската развиеност може да се постигне преку поттикнување на натамошниот развој на носечките индустрии.

Развојот на патната инфраструктура е фокусиран кон овозможување услови за транспорт и извозни дејности на стопанскиот сектор, и кон побрзо движење на населението за дневните потреби во и од населбата. Урбанизацијата на просторот налага потреба од фокусирање кон доизградбата и реорганизацијата на сообраќајната мрежа во населените места, изградба на сервисни улици, како и асфалтирање на патната мрежа каде што тоа е потребно.

Економската активност е правопропорционална со степенот на образованието на населението и е најмала кај лицата без образование и со ниско ниво на образование, а најголема е кај оние со факултетско образование. Анализата на образовното ниво на невработените покажува дека уделот на неангажираната работна сила е најголем кај лицата без образование и се намалува со зголемувањето на образовното ниво. Иако образовната структура на населението во овој регион е релативно поповолна во споредба со другите подрачја во земјата, сепак, неспорна останува потребата за преземање мерки за натамошно намалување на уделот на лицата со ниско ниво на образование и за подобрување на квалитетот на работната сила.

Приватните претприемачи зависат од поволностите за водење бизнис, односно од условите што власта ќе ги обезбеди за нив. Новите инвестиции секогаш се предизвик за претриемачите, но и за институциите на системот одговорни за економскиот развој. За да поттикнат и да привлекуваат нови инвестиции, институциите одговорни за економскиот развој ќе се концентрираат на креирањето на инфраструктура (физичка и социјална) за поттик и развој на локалниот економски развој.

Општината Илинден е меѓу првите македонски општини што добија кредитен рејтинг од меѓународната агенција ,,Мудис“ (Moody’s). Со финансиската стабилност што ја има општината, веќе се преземаат конкретни мерки за финансирање на општинските капитални проекти. Се разбира, во прв план секогаш е прибирањето на финансиите од сопствени извори, како што се даноците од имот, таксите, но и блок-дотациите од централната власт и приходите од градежното земјиште. Сепак, за амбициозните долгорочни планови на општината се потребни и дополнителни и

алтернативни извори на финансирање, како што е задолжувањето, издавањето на општински обврзници, јавно-приватното партнерство, европските претпристапни фондови, како и други донации и спонзорства.

Општината Илинден и во наредниот период останува да биде силно фокусирана на локалниот економски развој и на градењете партнерство со бизнисот, за остварување на интересите на граѓаните.

**Предложени цели во делот на локалниот економски развој се:**

1. **Креирање инфраструктура (физичка и социјална) за поттик и напредување на локалниот економски развој.**
2. **Континуирано активно поддржување на јавно-приватниот дијалог.**
3. **Промоција и меѓународна сертификација на општината.**

## Област 2: Образование и наука

Конкретни цели во областа на образованието и науката се:

1. **Креирање инфраструктура за квалитетно образование.**
2. **Создавање услови и поддршка на воннаставното образование и рехабилитација на учениците.**

За остварување на овие конкретни цели, издвоени се следните проекти:

- ***Реконструкција на училишта, просторни услови за квалитетна и целодневна настава;***
- ***Бесплатни курсеви по странски јазици, музика и уметност за сите ученици;***
- ***Климатска рехабилитација на учениците;***
- ***Воведување целодневна настава во основното училиште „Гоце Делчев".***

Основни приоритети во областа на образованието се осовременување и унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес, во сите степени (основно, средно и високо образование), создавање млади кадри кои ќе бидат конкурентни на пазарот на трудот и развивање на здрава психо-физичка личност. Со спроведената децентрализација, основните приоритети од областа на образованието ќе бидат поттик за спроведување и на локално ниво.

Општина Илинден, како една од поразвиените општини има нагласена потреба за дополнителен и забрзан развој и искористување на потенцијалите на човечкиот фактор, кој е столб за развојот и на останатите стратешки правци. Човечкиот капитал, во кој се концентрирани знаењето, способностите, и со тоа и моќта да се креираат нови вредности, зазема важно место во

развојот на секоја општина и регион. Побарувачката на специфични елементи на пазарот на трудот е во директна зависност од развојот и динамиката на промените во деловниот свет, промените во социо-економската сфера, или кратко кажано, од барањата на пазарот на добра кон коишто деловните субјекти се стремат брзо да се приспособат и да одговорат на тие барања. Образовниот систем не се карактеризира со флексибилност, и затоа доаѓа до диспаритет во понудата и побарувачката на специфични кадри, односно недостиг од некои профили и вишок на кадри од друг вид.

Оттаму, читањето и толкувањето на сигналите што пристигнуваат од деловните субјекти и предвидените трендови во наредниот период е високоприоритетна задача. Тоа единствено може да се постигне со остварување на програми за соработка меѓу системот на формално образование и деловниот сектор, преку ефектуирање на центри за професионална ориентација и креирање јавно-приватни партнерства за поддршка на вработувањата на младите високообразовани кадри, како што се вонваставното образование и рехабилитација на учениците.

Приоритетната листа на стратешките развојни правци на општина Илинден ја сочинуваат развојот и искористувањето на хуманиот потенцијал, за подобрување на условите за предучилишната грижа, отворањето училишта, со што би се обезбедиле сите услови за живеење како и во секоја урбана општина.

**Предложени цели во делот на образованието и науката се:**

1. **Креирање инфраструктура за квалитетно образование.**
2. **Создавање услови и поддршка на вонваставното образование и рехабилитација на учениците.**

## Област 3. КУЛТУРА, СПОРТ И МЛАДИ

Конкретни цели во областа на културата, спортот и младите се:

1. **Изградба на спортска и рекреативна инфраструктура;**
2. **Поддршка на спортските активности;**
3. **Поддршка и иницијативи за културни и традиционални манифестации.**

За остварување на овие конкретни цели, издвоени се следните проекти:

- ***Изградба на стадион со трибини во н. Илинден;***
- ***Изградба и поставување спортски реквизити и скејт-парк покрај пешачко-велосипедската патека Марино – Кадино;***
- ***Изградба на затворен универзален базен;***
- ***Изградба на две кошаркарски игралишта (street basket);***
- ***Изградба на детски игралишта со реквизити;***
- ***Поддршка на училишни спортски клубови;***

- ***Поддршка на училишните лиги во голем фудбал, кошарка, футсал, ракомет, шах, тенис и други спортови;***
- ***Покровителство на меморијални и традиционални турнири во мал фудбал и во кошарка;***
- ***„Спортски викенд“ за 2. август;***
- ***Поддршка на спортски клубови и здруженија во колективни и индивидуални спортови;***
- ***Спортски туризам;***
- ***Уредување на излетнички места во н.м. Ајватовци и Миладиновци;***
- ***Покровителство на културните манифестации како што е манифестацијата „Подари книга за велигденско јајце – симбол на Воскресението Христово“***
- ***Меѓународна литературна манифестација „Илинден“;***
- ***Програми за домови на културата – мини музеи.***

Општината во целост ја поддржува промоцијата на спортот. Само низ игра, рекреација и спорт, децата и младите учат да распознаваат и критички да размислуваат додека изнајдат решение за проблемите. Со спортот, го развиваат духот на пријателството, солидарноста и фер-играта, лидерството, почитувањето кон другите и вештините за совладување на проблемите.

Насочувањето на децата кон спортски активности е од пресудно значење за нивната изградба во одговорни возрасни личности, вистинска алтернатива и пат за изградба на здрави млади личности, ослободени од пороците на современиот начин на живеење.

Во идниот период, ќе се даде поддршка на активностите и проектите во областа на спортот, ќе се инвестира во обезбедувањето услови за спортување, ќе се продлабочи соработката со Агенцијата за млади и спорт.

**Предложени цели во делот на културата, спортот и младите се:**

1. **Изградба на спортска и рекреативна инфраструктура;**
2. **Поддршка на спортските активности;**
3. **Поддршка и иницијативи за културни и традиционални манифестации.**

## Област 4. Урбанизам, комунална инфраструктура и животна средина

Конкретни цели во областа на урбанизмот, комуналната инфраструктура и животната средина се:

1. **Подобрување на урбанизацијата и на урбанистичкото планирање.**
2. **Заштита на животната средина преку управување со цврстиот отпад и со отпадните води.**

3. **Подобрување и хортикултурно уредување на јавните површини.**

За остварување на овие конкретни цели, издвоени се следните проекти:

- ***Урбанистичко планирање во функција на ЛЕР;***
- ***Чистење, нивелирање и одржување на отворените одводни канали;***
- ***Воспоставување гасификацски систем, воведување гасификација на стопанските објекти;***
- ***Модернизирање и проширување на водоводниот систем;***
- ***Изградба на фекална канализација и пречистителни станици;***
- ***Изградба и подобрување на системот за зафаќање и одведување на атмосферските води;***
- ***Континуирано системско просторно планирање и урбанизација;***
- ***Воспоставување интегриран општински гео-информативен систем (ГИС);***
- ***Изработка на техничка документација, ревизија и изведба на работите за изградба на нова пумпна станица, непосредно до постојната Таор;***
- ***Интегрирано управување на комуналниот цврст отпад;***
- ***Озеленување на јавните површини и пошумување на општината;***
- ***Партерно уредување на јавни простори, паркови;***
- ***Хортикултурно уредување на просторот околу 12 домови на културата;***
- ***Рекултивација и ревитализација на деградиран простор;***
- ***Подобрување и осовременување на електро-енергетската мрежа и на напојувањето;***
- ***Подобрување и модернизација на јавното осветлување.***

Општината Илинден има недвосмислена определба да прерасне во урбана општина со сите обележја во делот на инфраструктурата, урбанизмот, квалитетот на животот на граѓаните, видовите на јавни и бизнис услуги што може да се најдат во неа. Оваа определба во исто време претставува императив и предизвик за локалната самоуправа, за исполнување со највисок квалитет во наредниот период.

Изградбата на атмосферска и фекална канализација во сите делови на општината е императив за локалниот развој, особено за населените места без целосна канализациска мрежа. Реконструкцијата и проширувањето на постоечката водоводна мрежа директно влијае на квалитетот на живеењето и на потребите од развој на стопанството. Општината ќе го следи и ќе интервенира на секој недостаток во веќе целосно искористениот капацитет на мрежата.

Денес локалната самоуправа се залага за поголема урбанизација на сите делови на територијата на општината, заради подобрување квалитетот на живеењето и стимулирање на економскиот развој. Неопходноста од подобрување на условите за живеење во општина Илинден е следена од потребата за поголемо фокусирање кон изградба на повеќе објекти за задоволување на дневните, специјалните и повремените потреби на населението. Одржувањето на јавната чистота е ликот за секоја општина. Така најдобро се гледа грижата и работата на општината, како пред своите граѓани, така и пред туристите и останатите посетители.

Особен фокус е даден на осовременувањето на урбанистичкото планирање преку воведување современи ГИС-системи, подземни катастри, електронско издавање одобренија за градење и др. Засиленото темпо со коешто општина Илинден се движи кон урбанизацијата и просторното планирање е еден од главните двигатели на економскиот развој, и токму поради тоа, раководството на општината е свесно и одговорно ова темпо на развој и динамика да ги задржи и дури и да ги засили во иднина.

Со уредувањето на парковите и зелените површини, како хортикултурно така и со поставување урбана опрема, обезбедуваме катче за релаксација за сите генерации. Остануваме посветени и во оваа област, преку континуирано одржување на веќе постоечките паркови, детски игралишта и зелени површини во општина Илинден, но и преку реализација на вакви проекти во останатите поголеми населени места.

Животната средина е местото каде што работиме, домот каде што го градиме семејството, околината што ја опкружува нашата општина. Чистата животна средина е еден од основните предуслови за производство на здрава храна и квалитетни земјоделски производи. Заедничките природни ресурси се наше наследство од предците и наша обврска кон идните генерации. Грижата на заедницата за заедничките ресурси како водата, воздухот и почвата укажува на едно општество со повисоки вредности во однос на својата иднина и на идните генерации. Во денешно време, кога целиот свет се залага за безусловно промовирање и подигање на свесноста за екологијата, како и за конкретни акции за заштита, рекултивација и пошумување, и наша благородна цел треба да биде грижата за планетата Земја и нејзините ресурси. Затоа, една од целите на локалната власт ќе биде токму зголемената грижа за животната средина.

**Предложени цели во делот на урбанизам, комунална инфраструктура и животна средина се:**

1. **Подобрување на урбанизацијата и урбанистичкото планирање;**
2. **Заштита на животната средина преку управување со цврстиот отпад и со отпадните води;**
3. **Подобрување и хортикултурно уредување на јавните површини.**

## Област 5: СОЦИЈАЛНА, ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И БЕЗБЕДНОСТ

Конкретни цели во областа на социјалната, здравствената заштита и безбедноста се:

1. **Обезбедување здравствена заштита и клиничко лекување;**
2. **Целосната грижа за предучилишната популација;**
3. **Подобрување на безбедноста на граѓаните.**

За остварување на овие конкретни цели, издвоени се следните проекти:

- ***Реконструкција и доградба на амбулантата во населба Илинден;***

- ***Изградба на детска градинка во Миладиновци и згрижување на деца од најмалата група – воведување „јасли“ во градинката „Гоце Делчев“;***
- ***Отворање на полициска станица во општина Илинден.***

Социјалната заштита и социјалната превенција се основен императив на политиката, со цел создавање услови за инклузивно и кохезивно општество, преку унапредување на положбата на ранливите групи во локалниот контекст на заедницата. Започнатите процеси на децентрализација продолжуваат со засилено темпо. Во оваа насока, се отвораат многубројни можности и предизвици за уште поактивна улога на централната и на локалните власти, вклучително и граѓанскиот сектор, да креираат локални стратегии и програми за социјално вклучување на граѓаните на кои сме им најпотребни.

Во соработка со Владата и Министерството за здравство, и понатаму ќе се унапредува системот на здравствена заштита, со што ќе се овозможи граѓаните – корисници на здравствените услуги да бидат задоволни, а нивните проблеми брзо и ефикасно да бидат решени.

**Предложени цели во делот на социјалната, здравствената заштита и безбедноста се:**

1. **Обезбедување здравствена заштита и клиничко лекување;**
2. **Целосна грижа за предучилишната популација;**
3. **Подобрување на безбедноста на граѓаните.**

## Област 6: ТРАНСПОРТНА ИНФРАСТРУКТУРА

Конкретни цели во областа на транспортна инфраструктура се:

1. **Подобрување на патната и железничката инфраструктура во целата општина;**
2. **Обезбедување модерен јавен превоз;**
3. **Зголемување на безбедноста во сообраќајот за сите учесници.**

За остварување на овие конкретни цели, издвоени се следните проекти:

- ***Подобрување на патната инфраструктура (изградба, реконструкција, санација и рехабилитација на локалните улици и патишта);***
- ***Изградба на патна и комунална инфраструктура во новата населба „Јака“;***
- ***Изградба на пешачки патеки;***
- ***Изградба на клучка за поврзување на локалниот пат Кадино – Бунарџик со автопатот А2 (Скопје-Куманово);***
- ***Реконструкција на железничката станица во населба Илинден;***

- ***Реконструкција на железничката станица во Миладиновци;***
- ***Подобрување на јавниот автобуски превоз, со зголемување на бројот на линии;***
- ***Поставување модерни автобуски постојки;***
- ***Изградба на локален пат во н.м Бујковци;***
- ***Реконструкција на локалниот пат Кадино – Автопат А4***
- ***Подобрување на безбедноста во сообраќајот, патна сигнализација, пешачки патеки.***

Важен предуслов за економскиот развој на една земја е економската инфраструктура, која влијае врз деловните можности, но и врз вкупната привлечност на општината за работа и инвестирање. Ефикасната и сигурна патна инфраструктура ја олеснува и ја поттикнува мобилноста на луѓето и стоките, ја надминува ограниченоста на локалните пазари и создава претпоставки за урамнотежен регионален развој.

Оттука, вложувањата во инфраструктурата се од витално значење за намалување на невработеноста и на сиромаштијата, за зголемување на конкурентноста на економијата, постигнување забрзан економски раст и порамномерен регионален развој.

Безбедноста како императив на времето претставува предуслов за развојот на општината. Таа е гарант на човековите вредности и чувар на редот, мирот и поредокот во севкупниот општествен систем. Безбедноста во општината ќе биде остварена со заемност и соработка со сите чинители во системот на безбедноста на општинско, градско и на републичко ниво.

**Предложени цели во делот на транспортната инфраструктура се:**

1. **Подобрување на патната и на железничката инфраструктура во целата општина;**
2. **Обезбедување модерен јавен превоз;**
3. **Зголемување на безбедноста во сообраќајот за сите учесници.**

## Препораки за имплементација на стратегијата

Стратешкиот план е динамички документ којшто постојано треба да се следи и да се ажурира (менува и дополнува по потреба), за да се внесат евентуално новоидентификувани програми и проекти што се во согласност со стратешките цели на развојниот план.

Акциониот план претставува збир од проектни задачи, кои треба да го поттикнат придвижувањето на општината кон посакуваната иднина, односно кон визијата. За таа цел, еден од чекорите кои беа преземени беше формирање на работни групи за секоја стратегиска област и именување на нејзин координатор. Секоја работна група изработи детален план на проектни задачи, кои ќе придонесат да се постигне посакуваната цел.

За имплементација на стратешкиот план за економски развој ќе биде одговорен општинскиот тим за ЛЕР, а совети ќе дава и ќе упатува Економскиот форум, кој како тело ги обединува сите засегнати страни од јавниот, приватниот и од граѓанскиот сектор на општината. Поради својата големина, Економскиот форум и понатаму ќе игра улога на советодавно и надзорно тело, за поголема ефикасност и флексибилност во спроведувањето на овој стратегиски план. За оперативното управување ќе биде задолжено Одделението за ЛЕР, во рамките на административните структури на општината.

Потребно е вработените во рамките на Одделението за ЛЕР да имаат продлабочени познавања од управување со проектен циклус и да имаат искуство во идентификацијата, планирањето и спроведувањето на проекти. За директно спроведување на проектите се формираат проектни тимови, одделно за секоја стратешка цел, кои треба да одредат и да мобилизираат партнери за спроведување на секој проект одделно.

Од тие причини, инстуционалното зајакнување на Одделението за ЛЕР е од суштинско значење за успех на предвидените програми.

Како дополнителен прилог во Анекс 1 од овој документ е поместен конкретниот Акционен план за сите стратешки области, со конкретните цели, програми, временската рамка, информации коишто со време ќе се менаџираат и ќе се управуваат, за да не го нарушат континуираниот тек на спроведувањето.

## Систем за следење и евалуација на стратешкиот план

Во текот на секоја година од спроведувањето на стратешкиот план, Одделението за ЛЕР треба да поднесе извештај до Советот на општината, односно до градоначалникот, претставувајќи ги истовремено резултатите од работата во претходниот период и планираните програми и проекти за следниот период. Покрај информациите за реализираните и планираните активности, извештајот треба да содржи доволно информации за тековните активности, анализи и податоци за индикаторите на тековните програми и цели, а во исто време, и информации од претходните години (т.н. ревизија на планот). Тоа ќе овозможи општинските органи (Советот на општината и градоначалникот) да можат да дадат насоки и инструкции за планот во наредната година.

Во текот на годината, раководителот на Одделението за ЛЕР има редовни тримесечни средби со општинскиот тим за ЛЕР, на коишто информира за тековните моменти од спроведувањето на стратешкиот план, за постигнатите резултати и индикаторите за сите проекти и програми во тековната година. Со овој процес, се овозможува континуирано следење и контрола на стратешкиот план во текот на петте планирани години, а во исто време, можат да се оценат планираните и спроведените мерки за поттикнување и поддржување на економскиот развој во општината.

## Препораки за ревизија на стратегијата

Голема е веројатноста дека во текот на спроведувањето на стратешкиот план за ЛЕР на општина Илинден, ќе дојде до промена на некои од влезните големини или некои од предвидените ризици ќе се манифестираат со различен интензитет (било поголем или помал) од тој што бил земен предвид при стратешкото планирање. Тоа ќе води кон определување на дополнителни проекти и програми коишто се во согласност со стратешките цели на планот, односно политиките за достигнување на крајната цел – визијата, а се во склад со моменталната состојба во општината. Општинскиот тим за ЛЕР, како тело коешто ја согледало потребата за дополнување на програмската или на проектната листа, ќе биде носител за внесување на новините во стратешкиот план, односно ќе изврши негова ревизија.

# АНЕКС 1: Акционен план 2017–2021

## ОБЛАСТ 1: ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

- **Проект: Подобрување на инфраструктурата во стопанските комплекси и во локалните економски зони**

**Опис на проектот:** Со проектот се предвидува изградба на транспортна, комунална, енергетска и гасификациска инфраструктура во стопанските комплекси и во локалните економски зони.
**Средства:** 100.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината / домашни и меѓународни финансиски институции
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Реализирање на специјализирани обуки за невработените лица, во соработка со локалните индустриски капацитети**

**Опис на проектот:** Утврдување на локалните потреби за работна сила и обезбедување организирани обуки од страна на општината, со цел соочување со таквите потреби. На тој начин, ќе им се помогне на невработените лица полесно да најдат можност за вработување.
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Форум за локален економски развој**

**Опис на проектот:** Континуирано проширување со нови членови – стопански субјекти на форумот за ЛЕР и организирање работни состаноци на форумот, во насока на изнаоѓање нови механизми за подобрување на условите за развој на постоечките стопански капацитети и привлекување нови инвестиции во општината.
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Примена на меѓународните стандарди**

**Опис на проектот:** Продолжување на примената на стекнатиот меѓународен стандард ISO 9001:2008 за спроведување на системот за управување со квалитет, како и воведување, односно стекнување со Системот за менаџмент со животната средина ISO 14001:2004.
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Промоција на општината пред домашни и пред меѓународни институции**

**Опис на проектот:** Проектот има за цел промовирање на општина Илинден, на капацитетите и можностите за инвестирање во повеќе области, пред домашните и пред меѓународните институции.
**Средства:** 2.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
**Рок:** 2017–2021 година

# ОБЛАСТ 2: ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

- **Проект: Реконструкција и подобрување на училиштата, обезбедување просторни услови за одвивање на квалитетна настава, со воведување целодневна настава**

**Опис на проектот:** Со цел подобрување на условите во образовниот процес, како и обезбедување просторни услови за одвивање на квалитетна настава во основните и во средните училишта, ќе продолжиме со реконструкција на училишната инфраструктура. Со овој проект предвидуваме реконструкција на основните централни и подрачни училишта во општината, како и воведување на целодневна настава.
**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции / Буџет на РМ
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Бесплатни курсеви по странски јазици, музика и уметност за сите ученици**

**Опис на проектот:** Во рамките на културно-едукативниот центар „Илинден“ ќе организираме бесплатни курсеви по странски јазици (англиски, германски, италијански, шпански), курсеви по музика (гитара), уметност, традиционален фолклор, традиционално пеење, креативно пишување, драма, модерен балет.
**Средства:** 8.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Климатска рехабилитација на учениците**

**Опис на проектот:** Обезбедување десетдневен бесплатен престој на 30 ученици од основните училишта во општината, во центри за климатска рехабилитација.
**Средства:** 1.200.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
Рок: 2017–2021 година

- **Проект: Воведување целодневна настава во основното училиште „Гоце Делчев“**

**Опис на проектот:** Проектот има за цел да се воведе целодневна настава во најголемото основно училиште, „Гоце Делчев“, во општина Илинден.
**Средства:** Согласно проектот
**Извор на финансирање:** Влада на РМ/Буџет на општината
Рок: 2017–2021 година

- **Проект: Изградба на стадион со трибини во н. Илинден**

**Опис на проектот:** Стадионот ќе биде со стандардни димензии, опремен со рефлектори за ноќно играње, трибини и гардероби со тушеви за учесниците, согласно сите стандарди, со цел да се овозможи тренинг и одржување на натпревари од повисок ранг. Дополнително, стадионот ќе биде центар за развој на младински фудбалски школи, од каде што очекуваме да излезат многу нови таленти.
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
Рок: 2017–2019 година

- **Проект: Изградба и поставување спортски реквизити и скејт-парк покрај пешачко-велосипедската патека Марино – Кадино**

**Опис на проектот:** Проектот е во насока на збогатување на спортско-рекреативната содржина во општината. Со активностите ќе се реализира поставување на спортски и фитнес реквизити, како и изградба на скејт-парк, 2 километри долж патеката Марино– Кадино.
**Средства:** 10.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината/донации/ домашни и меѓународни финансиски институции
Рок: 2017–2019 година

- **Проект: Изградба на две кошаркарски игралишта (street basket)**

**Опис на проектот:** Со проектот се предвидува изградба на две кошаркарски игралишта за улична кошарка, која претставува еден вид традиција и урбана култура. Игралиштата се со соодветна опрема, осветлување и подлога којашто може да се користи на сите временски услови.
**Средства:** 4.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на РМ
**Рок:** 2017–2020 година

- **Проект: Изградба на детски игралишта со реквизити**

**Опис на проектот:** Со проектот се предвидува изградба на десет игралишта за најмладите, кои ќе бидат комплетно опремени со современи реквизити.
**Средства:** 10.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
Рок: 2017–2019 година

- **Проект: Поддршка на училишни спортски клубови**

**Опис на проектот:** Во насока на унапредување на системот на натпревари во училишниот спорт, предвидено е поддршка на училишни спортски клубови во повеќе спортови кои треба да претставуваат основа за остварување на огромните општествени придобивки што ги претполага развојот и негувањето на училишниот спорт како национална определба.
**Извор на финансирање:** Буџет на РМ / Буџет на општината
Рок: 2017–2021 – во континуитет

- **Проект: Поддршка на училишните лиги во голем фудбал, кошарка, футсал, ракомет, шах, тенис и други спортови**

**Опис на проектот:** Во соработка со Федерацијата за училиштен спорт и единиците на локалната самоуправа, низ координиран систематски пристап, ќе се унапреди развојот на училишниот спорт преку одигрување општински, зонски и регионални натпревари меѓу училишните екипи, во повеќе спортови.
**Извор на финансирање:** Буџет на РМ / Буџет на општината
Рок: 2017 – во континуитет

- **Проект: Изградба на затворен универзален базен**

**Опис на проектот:** Со изградбата на овој базен и негово ставање во функција, ќе се отворат поголеми можности за спортување на младите во општината Илинден, како и за рекреативно пливање за време на зимскиот период. Ќе го понудиме на инвеститор, во постапка за јавно-приватно партнерство.
**Средства:** согласно проектот
**Извор на финансирање:** ЈПП
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Покровителство на меморијални и традиционални турнири во мал фудбал и во кошарка**

**Опис на проектот:** Поаѓајќи од стратешките приоритети изложени во националната „Програма за развој на спортот, во делот на спортската рекреација, односно „Спорт за сите“, во соработка со повиканите национални спортски федерации, предвидено е да се креира концепт и да се воспостави систем на натпревари во т.н. маалски фудбал и баскет за маалски тимови, кои подоцна би се вклучиле во систем на општински, зонски, регионални и државни натпревари.
**Средства:** 10.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на РМ / Буџет на општината
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: „Спортски викенд“**

**Опис на проектот:** На денот на општината, 2. Август – Илинден, ќе организираме спортски викенд со најразлични спортски содржини како: професионална велосипедска трка, фудбал, кошарка, тенис, шах и атлетика.
**Средства:** 3.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Поддршка на спортски клубови и здруженија во колективни и индивидуални спортови**

**Опис на проектот:** Проектот има за цел да се даде финансиска поддршка на спортски клубови, здруженија во колективни и индивидуални спортови во коишто клубовите или поединците се истакнуваат во спортот, преку учество на домашни и меѓународни спортски настани и манифестации, освоени награди и признанија, и нивен придонес за развој, унапредување и промовирање на спортот, како и за афирмација и омасовување на спортските активности.
**Средства:** 3.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
**Рок:** 2017–2021

- **Проект: Покровителство на културните манифестации како што е манифестацијата „Подарете книга за велигденско јајце – симбол на Христовото Воскресение “**

**Опис на проектот:** Проектот има за цел преку манифестацијата да ги спои образованието, културата, уметноста, традицијата и религијата. Воедно, преку акцијата се обезбедува обновување и збогатување на училишните библиотеки со нови содржини.
**Средства:** 1.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Меѓународна литературна манифестација „Илинден“**

**Опис на проектот:** Проектот има за цел афирмирање на младите поети и запознавање со современите достигнувања во областа на поезијата и прозата.
**Средства:** 2.500.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Домови на културата – мини музеи**

**Опис на проектот:** Проектот има за цел во новоизградените и целосно реконструирани 12 домови на културата во општина Илинден да се одржуваат повеќе настани, меѓу кои ќе се овозможи и простор за изложување на традиционални ракотворби, облека и предмети што ја одбележуваат традицијата на македонскиот народ.
**Средства:** 500.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Уредување на излетнички места во н.м. Ајватовци и Миладиновци**

**Опис на проектот:** Со проектот се предвидува изградба на пристапни патишта, поставување клупи и масички за одмор, детски реквизити, како и пешачки трим-патеки.
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Спортски туризам**

**Опис на проектот:** Со проектот ќе се опфати развој на спортскиот туризам преку овозможување на лов и риболов, како и со поддршка, односно оформување на центар за обука за параглајдерство и изградба на отворени терени со спортски реквизити за вежбање.
**Средства:** 5.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
**Рок:** 2017–2021 година

## ОБЛАСТ 4: УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА и ЖИВОТНА СРЕДИНА

- **Проект: Урбанистичко планирање во функција на ЛЕР**

**Опис на проектот:** Со проектот е опфатено планирање на просторот за создавање услови за влез на нови инвестиции, преку проширување на постоечките локални економски зони, како и оформување нови градежни парцели на атрактивни локации во општина Илинден.
**Средства:** 10.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Чистење, нивелирање и одржување на отворените одводни канали**

**Опис на проектот:** Со проектот е опфатено уредувањето, чистењето, нивелирањето и одржувањето на отворените одводни канали на територија на општина Илинден, кои се протегаат во должина од 120 километри. Тие се дел од мелиоративниот систем „Скопско поле“, кој се протега на територијата на пет општини: Илинден, Гази Баба, Арачиново, Петровец и Зелениково.
**Средства:** 25.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината и Буџет на РМ
**Рок**: 2017–2021 година

- **Проект: Воспоставување гасификациски систем, воведување гасификација на стопанските објекти**

**Опис на проектот:** Проектот има за цел да се спроведат инсталации за стопанските објекти во локалните економски зони во општината, со цел да се овозможи користење на гасот како енергетски ресурс.
**Извор на финансирање:** Влада на РМ /Буџет на општината/ЈПП/други финансиски институции
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Модернизирање и проширување на водоводниот систем**

**Опис на проектот:** Проектот има за цел модернизирање на системот за водоснабдување, со цел да се обезбеди стабилен и оптимален притисок на чиста, квалитетна и здрава вода за пиење.
**Средства:** 20.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината /меѓународни финансиски институции/ЈКП Водовод – Илинден
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Изградба на фекална канализација и пречистителни станици**

**Опис на проектот:** Проектот има за цел да се изгради систем за прифаќање, третман и одведување на отпадните фекални води од домаќинствата и од стопанските објекти во општина Илинден. Приоритет во изградбата на сегментите ќе се даде на места, области и локации коишто подлежат на високи нивоа на подземни води. Главната цел е да се прочистат отпадните фекални води од домаќинствата и потоа да се пуштат во одводниот реципиент.
**Средства:** 150.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината /Буџет на РМ/домашни и меѓународни финансиски институции
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Изградба и подобрување на системот за зафаќање и одведување на**

**атмосферските води**

**Опис на проектот:** Проектот обезбедува уредување и подобрување на системот за прифаќање, одведување на атмосферските води и на високото ниво на подземните води, како и да се спречат поплави на куќите и имотите на граѓаните на општина Илинден.

**Средства:** 16.000.000,00 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Континуирано системско просторно планирање и урбанизација**

**Опис на проектот:** Со проектот е опфатено планирање на просторот, со цел подобрување на условите на живеење и работа на граѓаните, како и рамномерен и одржлив просторен развој на населените места во општината, изградба на објекти и инфраструктура, како и урбанизација на просторот.

**Средства:** 20.000.000,00 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Воспоставување интегриран општински гео-информативен систем (ГИС)**

**Опис на проектот:** Проектот има за цел геодетските подлоги со катастарските парцели да бидат дигитализирани за сите населени места во општината

**Средства:** 5.000.000,00 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок:** 2017-2019 година

- **Проект: Изработка на техничка документација, ревизија и изведба на работите за изградба на нова пумпна станица, непосредно до постојната Таор**

**Опис на проектот:** Со проектот е опфатена изработката на техничка документација, нејзина ревизија и изведба на работите за изградба на нова пумпна станица, непосредно до постојната Таор, заради потребата од зголемување на капацитетот за одводнување на ХМС Скопско Поле. Со проектот ќе се обезбеди заштита од поплави и прифаќање на водите од индустриската зона „Бунарџик“ и од прочистените отпадни води од општините Илинден, Петровец и Арачиново.

**Средства:** 10.000.000,00 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2017–2020 година

- **Проект: Интегрирано управување на комуналниот цврст отпад**

**Опис на проектот:** Проектот обезбедува набавка на опрема за примарна селекција на комунален отпад, како и обработување, односно компостирање.

**Средства:** 12.000.000,00 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Озеленување на јавни површини и пошумување на општината**

**Опис на проектот:** Со проектот се обезбедува пошумување на површини, како и јавни простори во повеќе населени места.

**Средства:** 300.000,00 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Рекултивација и ревитализација на деградиран простор**

**Опис на проектот:** Проектот обезбедува уредување, рекултивација и ревитализација на деградиран простор, од отпад и смет, и целосно обновување на површината.
**Средства:** 2.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
**Рок:** 2017–2019 година

- **Проект: Подобрување и осовременување на електроенергетската мрежа и на напојувањето**

**Опис на проектот:** Проектот обезбедува да се добие квалитетен и стабилен напон на електричната енергија на територијата на цела општина Илинден, преку осовременување на електроенергетската мрежа и на инфраструктурата за дистрибуција. Воедно, во рамките на овој проект е предвидено да се изврши и реконструкција на старите 110 kV бетонски столбови со нови челични столбови. Реконструкцијата предвидува целосна обнова на градежните и електрични компоненти на далноводот ДВ ТС Скопје 1 – ТС Миладиновци.
**Извор на финансирање:** МЕПСО/ЕВН/ Буџет на општината
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Партерно уредување на јавни простори, паркови**

**Опис на проектот:** Со проектот ќе се подобрат условите и стандардите на квалитетот на животот
**Средства:** 10.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
Рок: 2017–2021 година

- **Проект: Хортикултурно уредување на просторот околу 12 домови на културата**

**Опис на проектот:** Со проектот ќе се овозможи целосно уредување на просторот околу изградените, реконструираните и санираните домови на културата
**Средства:** 15.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
Рок: 2017–2021 година

- **Проект: Подобрување и модернизација на јавното осветлување**

**Опис на проектот:** Проектот има за цел да се подобри јавното улично осветлување, преку целосна реконструкција, модернизација и проширување на мрежата за улично осветлување.
**Средства:** 10.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
**Рок:** 2017–2021 година

## ОБЛАСТ 5: СОЦИЈАЛНА, ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И БЕЗБЕДНОСТ

- **Проект: Реконструкција и доградба на амбулантата во населба Илинден**

**Опис на проектот:** Со проектот е опфатено целосно реконструирање и доградба на амбулантата во населба Илинден, со цел да прерасне во Здравствен дом – поликлиника, со што ќе се овозможи подобрување на условите за здравствена заштита на граѓаните, зголемување на бројот и видот на здравствените услуги за населението, како и воведување на дежурства.
**Средства:** согласно проектот
**Извор на финансирање:** Влада на РМ
**Рок:** 2018–2020 година

- **Проект: Изградба на детска градинка во Миладиновци и згрижување на деца од најмалата група – воведување „јасли“ во градинката „Гоце Делчев“**

**Опис на проектот:** Со проектот е опфатена изградба на нова детска градинка со капацитет до 50 деца, во населеното место Миладиновци, со што ќе се овозможи ширење на мрежата на нови детски градинки. Исто така, ќе се реализира згрижување на деца од најмалата група, односно воведување „јасли“ во општинската детска градинка „Гоце Делчев“.
**Средства:** 10.000.000 денари
**Извор на финансирање:** Влада на РМ
Рок: 2017–2021 година

- **Проект: Отворање на полициска станица во општина Илинден**

**Опис на проектот:** Проектот има за цел во општина Илинден да се отвори полициска станица којашто со својата работа ќе влијае на унапредувањето на безбедноста во општината Илинден.
**Средства:** Согласно проектот
**Извор на финансирање:** Влада на РМ
Рок: 2017–2021 година

## ОБЛАСТ 6: ТРАНСПОРТНА ИНФРАСТРУКТУРА

- **Проект: Подобрување на патната инфраструктура (изградба, реконструкција, санација и рехабилитација на локалните улици и патишта)**

**Опис на проектот:** Проектот има за цел изградба, односно асфалтирање на нови улици и патишта во должина од 40 километри, во сите населени места, како и одржување, реконструкција на постоечката патна инфраструктура, којашто се протега на територијата на општина Илинден, во должина од 275 километри.
**Средства:** 300.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Изградба на патна и комунална инфраструктура во новата населба „Јака“**

**Опис на проектот:** Проектот има за цел изградба на патна инфраструктура, водовод и

канализација во новата населба Јака.
**Средства:** 360.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Влада на РМ/Буџет на општината
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Изградба на пешачки патеки**

**Опис на проектот:** Проектот предвидува изградба на пешачки патеки во населените места, во вкупна должина од 10 километри.
**Средства:** 35.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
Рок: 2017–2021 година

- **Проект: Изградба на клучка за поврзување на локалниот пат Кадино – Бунарџик, со автопатот А2 (Скопје – Куманово)**

**Опис на проектот:** Проектот има за цел изградба на клучка, односно приклучок на локалниот пат Кадино – Бунарџик со автопатот А2, со што ќе се придонесе за намалување на фреквенцијата на сообраќајот низ населените места, особено на тешките товарни моторни возила од локалните економски зони.
**Средства:** Согласно проектот
**Извор на финансирање:** Влада на РМ
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Реконструкција на железничката станица во населба Илинден**

**Опис на проектот:** Проектот има за цел реконструкција на железничката станица во населба Илинден, за потребите на патниот и на транспортниот железнички сообраќај.
**Средства:** Согласно проектот
**Извор на финансирање:** Влада на РМ/Домашни институции/ Буџет на општината
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Реконструкција на железничката станица во Миладиновци**

**Опис на проектот:** Проектот има за цел реконструкција на железничката станица во Миладиновци, за потребите на патниот и на транспортниот железнички сообраќај.
**Средства:** Согласно проектот
**Извор на финансирање:** Влада на РМ/домашни институции/ Буџет на општината
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Подобрување на јавниот автобуски превоз, со зголемување на бројот на линиите**

**Опис на проектот:** Проектот има за цел да обезбеди поквалитетен и поефикасен јавен градски превоз за граѓаните на општина Илинден
**Средства:** 4.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Поставување модерни автобуски постојки**

**Опис на проектот:** Проектот предвидува да се постават модерни автобуски постојки.

**Средства:** 2.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Изградба на локален пат во н.м Бујковци**

**Опис на проектот:** Проектот има за цел да се изгради локален пат во н.м Бујковци, во должина од 1.000 метри, и поврзување со патниот правец Ајватовци – Мршевци
**Средства:** 7.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Реконструкција на локален пат Кадино – Автопат А4**

**Опис на проектот:** Проектот има за цел санација и рехабилитација на локалниот пат Кадино –Автопат А4, во должина од 1.600 метри, и изградба на 2 моста во рамките на локалниот пат.
**Средства:** 15.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
**Рок:** 2017–2021 година

- **Проект: Подобрување на безбедноста во сообраќајот, патна сигнализација, пешачки патеки**

**Опис на проектот:** Проектот има за цел да се подобри хоризонталната и вертикалната сообраќајна сигнализација, како и да се зголеми безбедноста на сите учесници во сообраќајот.
**Средства:** 6.000.000,00 денари
**Извор на финансирање:** Буџет на општината
Рок: 2017–2021 година

# Анекс 2. Законска рамка за подготовка на стратегија за ЛЕР

Согласно Законот за локална самоуправа член 22, став 1, точка 3 (“Сл.Весник на РМ“ бр.5/2002), една од надлежностите на општините е Локалниот економски развој:

„Локален економски развој - планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство“.

# Анекс 3. Користени кратенки

| | |
|---|---|
| **USAID** | Агенција за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ЛЕР** | Локален економски развој |
| **SWOT** | Алатка за анализа на актуелната состојба - акроним на зборовите: **S**trengths (Силни страни), **W**eaknesses (Слаби страни), **O**pportunities (Можности), **T**hreats (Закани) |
| **НВО** | Невладина организација |
| **ЈКП** | Јавно комунално претпријатие |
| **ДУП** | Детален Урбанистички План |
| **ЛС** | Локална самоуправа |
| **ЕЛС** | Единица на локална самоуправа |
| **ЈПП** | Јавно приватно партнерство |
| **МСП** | Мали и средни претпријатија |
| **ГИС** | Гео-информационен систем |